Тони МИЛЕСКИ

УДК: 314.9(497.7-04)„1994/2004"

# ЗАПАДНО ГРАНИЧНО ПОДРАЧЈЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ДВИЖЕЊЕ И ЕТНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО

***Кратка содржина***

*Трудот обработува одредени етногеографски обележја на населението во општините кои се наоѓаат во западниот дел на Република Македонија и целосно или со одреден дел од сопствена територија припаѓаат во граничното подрачје. Анализираните податоци се презентирани вкупно за секоја општина и тоа според податоци од пописите на населението за 1994 година по старата административно-територијална поделба од 1996 година и од пописот во 2002 година според новата територијална поделба од 2004 година. Во литературата постојат податоци за населението во Република Македонија, меѓутоа недостасуваат конкретни анализи на населението по општини според постојната територијална поделба од 2004 година. Таквите анализи, од различни аспекти, вклучувајќи ги и стратегиските проценки и геополитичките импликации на населението, имаат посебна важност.*

***Клучни зборови:*** *НАСЕЛЕНИЕ, ЕТНОГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ, ОПШТИНИ, ПОПИС, ГЕОПОЛИТИКА, ГЕОСТРАТЕГИЈА.*

## Вовед

Посебен фокус на нашето истражување претставуваат бројното движење и етничките карактеристики на населението во Западното гранично подрачје. Населението кое живее во граничните подрачја, зависно од својата демографска структура, во голема мерка го прави профилот на граничните подрачја. Тоа налага сериозни научни елаборации за утврдувањето на динамиката на промените на демографската структура кои можат да се исползуваат при носењето соодветни проценки од најразличен карактер, воен, политички, геостратегиски, геополитички или пак економски.

Граничните подрачја претставуваат специфични протори за научни истражувања. Значењето на проучувањата на карактеристиките на населението во граничните подрачја произлегува од фак-

тот што тие се првите непосредни контактни простори со териториите на соседните држави.

Граничните подрачја, иако специфични, тешко можат да се набљудуваат како заокружени целини, затоа што се релативно тесни земјишни простори до 10 км долж границите што припаѓаат на други просторни целини во длабочина на државната територија. Од овие причини многу е тешко да се прави дистинкција во демографска, економска, стратегиска и било која друга смисла, што е тоа што припаѓа на граничното подрачје и претставува само негова карактеристика, а што припаѓа на поширокиот простор, кој е заокружена целина, а граничното подрачје само еден дел од таа целина. Според тоа, во овој труд се анализирани податоци за бројното движење и етничката структура на населението во општините кои што целосно или само со одреден дел од својата територија припаѓаат на западното гранично подрачје според податоците од пописите спроведени во 1994 и 2002 година, а според административно-територијалната поделба на Република Македонија од 2004 година.

## 1. Просторни карактеристики на западното гранично подрачје

Граничното подрачје се определува како дел од територијата на Република Македонија на копно, на реките и езерата вон граничниот појас во длабочина од 10 км. Длабочината на граничното подрачје ја определува секоја држава и тоа врз основа на карактеристиките и големината на сопствената државна територија. Во определени дражави, статус на гранични населби имаат сите населби кои се наоѓаат на оддалеченост од 20 км од граничната линија, а во други пак и населби кои се наоѓаат до 40 и повеќе километри оддалеченост од граничната линија.

Поаѓајќи од констатацијата дека граничниот појас и граничното подрачје претставуваат елементи на државната граница, а според претходно наведената дефиниција за гранично подрачје, проширувањето на граничниот појас не се врши на сметка на граничното подрачје.

Владата на Република Македонија, може да донесе одлука, заради заштита на безбедноста на границата, за проширување на граничниот појас на одделни делови, односно да ја зголеми неговата длабочина и истата да изнесува повеќе од 100 метри. На оние места каде што има проширување на граничниот појас, граничното подрачје се протега во длабочина од 10 км вон граничниот појас. Насе-

лението кое живее во граничниот појас и граничното подрачје се нарекува гранично население, а населбите на таа територија гранични населби

Во западното гранично подрачје целосно или со одреден дел од сопствената територија, а според административно-територијалната поделба на Република Македонија од 1996 година влегувале вкупно единаесет општини и тоа: Маврови Анови, Ростуше, Дебар, Центар Жупа, Луково, Лабуниште, Вевчани, Велешта, Струга, Охрид и Ресен. Во наведените општини според пописот од 1994 година живееле вкупно 162034 жители од различни националности.

Според пописот од 2002 година и администрстивно-територијалната поделба од 2004 година во западното грнично подрачје влегуваат осум општини: Гостивар, Маврово и Ростуша, Дебар, Центар Жупа, Струга, Вевчани, Охрид и Ресен. Во наведените општини според пописот од 2002 година живееле вкупно 254104 жители од различни националности.

Со промената на територијалната поделба се намалил бројот од 11 на 8 општини кои целосно или со одредени делови од територијата гравитираат кон западното гранично подрачје, меѓутоа се зголемил бројот на вкупното население за 92070 жители или за 56,8%.

## 2. Бројно движење и етнички карактеристики на населението во општините од западното гранично подрачје

***Општина Гостивар***

Според новата административно-територијална поделба на Република Македонија од 2004 година, општината Гостивар ја зголемила сопствената територија и вкупното население за површината и жителите на поранешните општини Србиново, Долна Бањица, Врутоκ, Чегране и дел од општината Маврови Анови.

Со оглед на податоците од пописот во 1994 година во општината Гостивар живееле вкупно 45740 жители. Како Македонци се изјасниле 13514 жители или 29,5% од вкупно евидентираното население. Албанците броеле 25186 жители, односно 55,1% од вкупното население. Турци имало 4477 жители или 9,8%, Роми имало 1884 жители или 4,1%, Власи биле евидентирани 11 или 0,02%, а Срби се регистрирани 261 жител или 0,6% од вкупното население. Како други се определиле 407 жители или 0,9% од вкупно евидентираното население.

Со податоците од пописот во 2002 година и новите општински граници од 2004 година, забележителен е порастот на населението. Покрај тоа, општината Гостивар со еден свој дел влегува во западното гранично подрачје што со старата територијална поделба од 1996 година тоа не беше случај. Во општината Гостивар според пописот од 2002 година и новата територијална поделба живееле вкупно 81042 жители што во споредба со 1994 година претставува повеќе за 35302 жители или повеќе за 77,2%. Македонското население броело 15877 жители или 19,6% од вкупното население. Како Албанци се изјасниле 54038 жители или 66,7%, Турци имало 7991 жител, односно 9,9%, Ромите бореле 2237 жители или 2,8%, Власи имало 15 или 0,02%, а Срби биле евидентирани 130 жители или 0,2% од целото население. Како други се определиле 724 жители или 0,9% од вкупното население.

Според изнесените податоци можеме да констатираме дека населението во општина Гостивар од 1994 до 2002 година и според новата општинска поделба се зголемило за 35302 жители или повеќе за 77,2%. Македонското население бележи пораст за 2363 жители или за 17,5%. Албанците се зголемиле за 29691 жител или за 117,9%. Исто така и Турското население се зголемило за 3514 жители или за 78,5%. Тренд на намалување единствено има кај Србите и тоа помалку за 131 жител или 50,2%.




**Графикон 1.** Општина Гостивар

### *Општина Маврово и Ростуша*

Согласно новата територијална поделба на државата од 2004 година, општината Маврово и Ростуша е формирана на територијата на поранешните општини Маврови Анови и Ростуша, меѓутоа без одредени нивни делови. Во анализите податоците за поранешните општини Маврови Анови и Ростуша за 1994 година се групирани заедно, со оглед на фактот дека со новата територијална поделба од двете општини со одредени измени е формирана општината Маврово и Ростуша.

Според податоците од пописот во 1994 година во општините Маврови Анови и Ростуша живееле вкупно 11715 жители. Македонци биле евидентирани 3973 жители или 33,9% од вкупното население. Како Албанци се определиле 1653 жители или 14,1%, Турци имало 3081 жители или 26,3%, Роми биле 9 или 0,08%, Срби имало 8, односно 0,07%, додека Власи не биле евидентирани. Како други се определиле 2991 жител или 25,5% од целото население.

По спроведувањето на пописот во 2002 година и новите општински граници од 2004 година (спојувањето на Маврови Анови и Ростуша), забележани се следните промени. Во општината Маврово и Ростуша живееле вкупно 8618 жители, што во споредба со 1994 година населението се намалило за 3097 жители или помалку за 26,4%. Македонци биле регистрирани 4349 жители или 50,5% од вкупното население. Како Албанци се определиле 1483 жители, односно 17,2%. Турците броеле 2680 жители или 31,1%, Роми имало 10 или 0,11%, а Срби биле забележани 6 жители или 0,06% од вкупното население. Власи и во оваа пописна година не биле евидентирани, додека како други се определиле 90 жители или 1,04% од целото население.

Според презентираните податоци можеме да забележиме дека населението во општината Маврово и Ростуша во периодот од 1994 до 2002 година и новите општински граници се намалило за 3097 жители или помалку за 26,4%. Исто така, Македонското население бележи зголемување за 376 жители или повеќе за 9,5%. Албанците бележат намалување за 170 жители, односно помалку за 10,3%. Турците се намалиле за 401 жител или помалку за 13%. Најглемо намалување е забележано кај она население кое се определило како други и тоа помалку за 2901 жител или помалку за 97%.




**Графикон 2.** Општина Маврово и Ростуша

### *Општина Дебар*

Општината Дебар, според новата административно-територијална поделба на Македонија ја зголемила својата територија и население за одредени делови од поранешната општина Ростуша.

Според податоците од пописот во 1994 година во општината Дебар живееле вкупно 17588 жители со различно етничко потекло. Од нив како Македонци се определиле 3309 жители или 18,8% од вкупното население. Најбројни биле Албанците со 10934 жители, односно 62,2% од целото население. Турци биле регистрирани 1937 жители, што претставува 11% од вкупното население. Ромите биле застапени со 1103 жители или 6,3%, Срби имало 34 или 0,2%, додека Власите биле застапени со само еден жител. Како други се определиле 270 жители или 1,5% од вкупно евидентираното население.

Според податоците од пописот во 2002 година и новата територијална поделба на државата во општината Дебар живееле вкупно 19542 жители. Тоа значи дека во споредба со 1994 година населението се зголемило за 1954 жители или повеќе за 11,1%. Како Македонци се декларирале 3911 жители или 20% од целото население. Албанците и понатаму се најдоминантно население со вкупно 11348 жители или 58,1% од вкупното население. Турци имало 2684 жители, односно 13,7%, Роми биле регистрирани 1080 жители или 5,5%, Срби имало 22 житела или 0,1%, додека Власите биле застапени само со двајца жители. Како други се определиле 495 жители или 2,5% од вкупно евидентираното население.

Согласно презентираните податоци, можеме да констатираме дека во периодот 1994-2002 година населението во општината Дебар се зголемило за 1954 жители или повеќе за 11,1%. Македонците се зголемиле 376 жители или повеќе за 9,5%. Албанците бележат зголемување за 414 жители или повеќе за 3,8%. Трендот на зголемување е забележителен и кај Турците и тоа повеќе за 747 жители или 38,6%. Ромите имаат тренд на намалување и тоа за 23 жители или помалку за 2,1%. Истото се однесува и за Србите кои се намалиле за 12 жители или помалку за 35,3%. Зголемување за 225 жители е забележано кај оние кои се определиле како други или повеќе за 83,3%.




**Графикон 3.** *Општина Дебар*

### *Општина Центар Жупа*

Општината Центар Жупа, со новата општинска поделба на државата ги задржа постоечките граници како во претходната административно-територијална поделба.

Според податоците од пописот во 1994 година во општината Центар Жупа живееле вкупно 6200 жители. Македонското население броело 1088 жители или 17,5% од целото население. Најдоминантни биле Турците со вкупно 4592 жители, што претставува 74% од вкупното население. Албанци имало 376 жители, односно 6,1%, додека како други биле регистрирани вкупно 144 жители или 2,3% од вкупното население. Роми, Власи и Срби не биле евидентирани.

Со пописот од 2002 година, забележани се следните промени. Вкупното население бележи пораст и изнесувало 6519 жители. Во споредба со 1994 година забележан е пораст за 319 жители или повеќе за 5,1%. Како Македонци се определиле 814 жители или 12,5% од вкупно регистрираното население. Турците повторно биле најбројни со 5226 жители, што претставува 80,2% од целото население. Како Албанци се изјасниле 454 жители или 6,9% од вкупното население. Роми, Власи и Срби повторно не биле евидентирани, додека како други се определиле 25 жители или 0,4% од целото население.

Според презентираните податоци можеме да констатираме дека во периодот од 1994 до 2002 година, во општината Центар Жупа дошло до зголемување на населението за 319 жители или повеќе за 5,1%. Тренд на намалување е забележан единствено кај Македонците кои во анализираниот период се намалиле за 274 жители или помалку за 25,2%. Албанците се зголемиле за 78 жители или повеќе за 20,7%. Истото се однесува и за Турското население кое бележи пораст за 634 жители или повеќе за 13,8%.




**Графикон 4.** *Општина Центар Жупа*

***Општина Струга***

Според територијалната поделба од 2004 година, општината Струга ја зголемила својата територија и население за зсметка на поранешните општини Луково, Лабуништа, Делгожди и Велешта.

Во 1994 година општината Струга броела вкупно 35509 жители. Македонците биле најбројни и биле евидентирани 19907 жители или 56,1% од вкупното насление. Како Албанци се определиле 13006 жители, односно 36,6% од целото население. Турци имало 998 жители или 2,8%, Власите броеле 545 жители или 1,5%, Срби имало 124 жители или 0,3% и Роми бле евидентирани 115 жители или 0,3% од вкупното население. Како други се определиле 814 жители или 2,3% од целото население.

Според податоците од пописот во 2002 година и новата административно-територијална поделба општината Струга броела вкупно 63376 жители. Тоа значи дека населението во општината Струга се зголемило за 27867 жители или повеќе за 78,5%. Како Македонци се определиле 20336 жители, односно 32,1% од вкупното население. Албанците броеле 36029 жители или 56,8% од целото население. Турци имало 3628 жители или 5,7%, Власите броеле 656 жители или 1%, Роми имало 116 жители или 0,2%, а Срби имало 106 жители или 0,16% од вкупното население. Како други се определиле 2505 жители или 3,95% од вкупно регистрираното население.

Според претходно изнесените податоци, во анализираниот период од 1994 година до 2002 година и новата и претходната територијална поделби, воочливо е дека населението во општината Струга се се зголемило за 27867 жители или повеќе за 78,5%. Македонците се зголемиле за 429 жители или повеќе за 2,15%. Албанското население се зголемило за 23023 жители или за 177%. Исто така и Турците се зголемиле за 2630 жители или за повеќе од 2,5 пати. Забележително е и зголемувањето на населението во категоријата други, односно истото се зголемило за 1691 жител или нешто повеќе од 2 пати. Единствено тренд на намалување има кај Српското население или помалку за 18 жители или намалување за 14,5%.







**Графикон 5.** Општина Струга

### *Општина Вевчани*

Карактеристично за општината Вевчани е тоа што има само едно населено место. Со промената на територијалната поделба, општинските граници на Вевчани не се променети.

Со пописот од 1994 година бројот на населението во општината Вевчани изнесувал 2448 жители. Како Македонци се определиле 2438 жители или 99,6%. Власите биле застапени со 3 жители, Србите со еден, додека како други националности се определиле 6 жители.

Според податоците од пописот во 2002 година, во општината Вевчани живееле вкупно 2433 жители или во споредба со 1994 година населението се намалило за 15 жители или помалку за 0,6%. Македонци имало 2419 жители или 99,4%. Евидентирани се и тројца Албанци, тројца Роми и тројца Срби, додека како други се определиле 7 жители.

Од претходно презентираните податоци можеме да согледаме дека населението во општината Вевчани во периодот 1994-2002 година се намалило за 15 жители или помалку за 0,6%. Македонците во истиот период се намалиле за 19 жители или помалку за 0,8%.




**Графикон 6.** Општина Вевчани

### *Општина Охрид*

Општината Охрид со новата административно-територијална поделба од 2004 година ја зголемила својата територија и бројот на населението за поранешната општина Косел.

Пописните листи од 1994 година покажуваат дека во општината Охрид живееле вкупно 52732 жители. Доминирало македонското население со вкупно 44672 жители или 84,7%. Како Албанци биле евидентирани 2706 жители, односно 5,1% од вкупното население. Турско население имало 2353 жители или 4,5%, Срби имало 409 или 0,8%, Власите биле застапени со 0,5% од целото население или 252 жители, а Роми имало 48 жители или 0,1%. Како други се определиле 2292 жители или 4,3% од вкупно регистрираното население.

Во 2002 година забележани се следните промени. Во општината Охрид биле евидентирани 55749 вкупно жители. Тоа значи дека населението од 1994 до 2002 година и новата територијална поделба од 2004 година се зголемило за 3017 жители или повеќе за 5,7%. Македонското население броело 47344 жители или 84,9% од вкупното население. Како Албанци се определиле 2962 жители, односно 5,3%, Турци имало 2268 жители или 4,1%, Србите биле застапени со 366 жители или 0,65%, Власите броеле 323 жители или 0,6%, а Ромите биле застапени со 69 жители или 0,1%. Како други се определиле 2417 жители или 4,3% од целото население во општината Охрид.

Според тоа, во анализираниот период од 1994 година до 2002 година и новата општинаска поделба во државата направена во 2004 година, населението во општината Охрид се зголемило за 3017 жители или повеќе за 5,7%. Македонците бележат тренд на зголемување и тоа повеќе за 2672 ители или повеќе за 6%. Истиот тренд го имаат и Албанците кои во конкретниот период се зголемиле за 256 жители или за 9,5%. Турците имаат тренд на намалување и тоа помалку за 85 жители или за 3,6%. Со ваков тренд се и Србите кои се намалиле за 43 жители или помалку за 10,5%. Ромите и Власите имаат тренд на зголемување, а исто тоа се однесува и на категоријата други кои се зголемиле за 125 жители или повеќе за 5,45%.




**Графикон 7.** *Општина Охрид*

### *Општина Ресен*

Општината Ресен со новата територијална поделба од 2004 година ги задржала постојните граници како и во претходната административно-територијалана поделба од 1996 година.

Во 1994 година општината Ресен броела 17681 жители. Најбројни биле Македонците со вкупно 13453 жители, односно 76,1%. Следуваат Турците со 1879 жители или 10,6%, Албанците со 1729 жители или 9,8%, Ромите со 112 жители или 0,6%, Србите биле застапени со 81 жител, односно 0,45% и Власи имало 32 жители или 0,2%.

Како други националности се определиле 395 жители или 2,2% од вкупното население.

Во 2002 година во општината Ресен биле евидентирани вкупно 16825 жители, што во споредба со 1994 година претставува намалување на населението за 856 жители или помалку за 4,8%. Како Македонци биле регистрирани 12798 жители или 76,1% од вкупното население. Албанците броеле 1536 жители, односно 9,1% од целото население. Турци имало 1797 жители или 10,7%, Ромите броеле 184 жители или 1,1%, Власи имало 0,15% или 26 жители, додека како Срби се определиле 0,4% или 74 жители од вкупното население. Како други се определиле 410 жители или 2,4% од целото население.

Со оглед на изнесените податоци можеме да констатираме дека во периодот од 1994 до 2002 година и промената на територијалната поделба на Република Македонија во 2004 година населението во општината Ресен се намалило за 856 жители или помалку за 4,8%. Македонците имаат тренд на намалување и тоа за 655 жители или помалку за 4,9%. Истиот тренд е забележителен и кај Албанците кои се намалиле за 193 жители или помалку за 11,2%. Турците се намалиле за 81 жител или помалку 4,3%. Единствено тренд на зголемување е забележан кај Ромите кои се зголемиле за 72 жители или повеќе за 64,3%.




**Графикон 8.** *Општина Ресен*

### *Заклучок*

Согласно презентираните податоци, односно анализата на бројното движење и етничките карактеристики на населението во наведените општини во периодот од 1994 до 2002 година и според промената на административно-територијалната поделба на Република Македонија од старата од 1996 година во новата од 2004 година, очигледни се настанатите демографски промени во граничното подрачје. Првенствено, се забележува промената на геополитичката и геостратегиската положба на одредени општини кои инклинираат во

Западното гранично подрачје, а кои со промените се стеканаа со поголеми општински граници и поголеми концентрации на население од еднороден етнички состав. Имапликациите од таквата состојба можат да се почувствуваат на различни полиња, првенствено во економската и социјалната сфера, но и во еколошката создавајќи одредени притисоци врз животната средина и исцрпувајќи ги основните ресурси за живот во конкретните подрачја.

Со новата територијална поделба на Република Македонија, особено индикативни се состојбите со зголемувањето на албанското население во одредени општини од Западното гранично подрачје, но не во оној обем како во општините од Северното гранично подрачје. Имено, најголем тренд на зголемување е забележан во општината Струга и тоа за 117% и во општината Гостивар за 77,2%. Македонците имаат тренд на зголемување во општините Гостивар за 17,5%, во Маврово и Ростуша и тоа за 9,5%, во Дебар за 9,5%, во Центар Жупа се намалиле за 25,2%, во Струга се зголемиле за 2,15%, во Охрид бележат раст од 6%, и во Ресен се намалиле за 4,9%.

Од вкупното население (254104 жители или 12,6% од вкупното население во државата) кое живее во општините кои целосно или со еден свој дел припаѓаат во Западното гранично подрачје, како Македонци се определиле 107848 жители или 42,442% од вкупното население. Албанци имало 107853 жители, односно 42,444%, Турци се регистрирани 26274 жители или 10,3%, Роми имало 3696 жители или 1,45%, Власите броеле 1023 жители или 0,4%, а како Срби се определиле 707 жители или 0,3% од вкупното население. Како други биле евидентирани 6673 жители или 2,6% од целото население во Западното гранично подрачје.

Во теоријата за поимање на границите, покрај другото значајно место и припаѓа на функцијата гранична бариерност (наспроти контактноста). Бариерноста може да биде физичка и културна. Со новата административно територијална поделба постојат услови и кај Северното и кај Западното гранично подрачје за создавање на одредена диференцијација на одредена етничка група, првенствено албанската со оглед на нејзината доминација во тие делови од границата, од другите или можно е создавање на т.н. фронтална бариерност која може да поприми сакрален карактер („Ние“ и останатиот непријателски свет). Од друга страна, доколку се разгледа процесот на дефункционализација на границите, карактеристична за новите меѓународни односи, која може да биде поврзана покрај со глобализацијата и интеграцијата, така и со децентрализацијата на власта. Со децентрализацијата на власта, во оние случаи кога автономашките,

сепаратистичките и другите процеси со етнорегионален карактер, бараат прераспределба на „централната власт“ во корист на регионите. Со своите функции во надлежност на северозападниот регион (покрај другото и посебен облик на стопанско здружување) на Република Македонија, истиот се повеќе, во одреден период и под одредени околности можно е да наликува на регионите какви што се Баскија, Шкотска, Велс, Фландрија, Бретања, Корзика, Баварска, Сардинија и други слични региони кои покрај другото ги карактеризираат силни сепаратистички движења. Ваквите проекции немора да бидат точни, односно можно е и т.н. контраефект на границата која повторно под одредени околности може да предизвика и депопулација како резулат на економска депресија. Ова го потврдува флуктуирачкиот карактер на пограничните подрачја кои во одредени периоди и под одредени околности можат да имаат различен карактер, оттука и нивната различна геополитичка и геостратегиска валоризација.

(Рецензент: *доц. д-р Оливер Бакревски*)

| Западно гранично подрачје | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општина** | **Вкупно** | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Роми** | | **Власи** | | **Срби** | | **Други** | |
| | 1994 | 2002 | 1994 | 2002 | 1994 | 2002 | 1994 | 2002 | 1994 | 2002 | 1994 | 2002 | 1994 | 2002 | 1994 | 2002 |
| **Гостивар** | 45740 | 81042 | 13514 | 15877 | 25186 | 54038 | 4477 | 7991 | 1884 | 2237 | 11 | 15 | 261 | 130 | 407 | 724 |
| **Маврово и Ростуша**[1] | 11715 | 8618 | 3973 | 4349 | 1653 | 1483 | 3081 | 2680 | 9 | 10 | - | - | 8 | 6 | 2991 | 90 |
| **Дебар** | 17588 | 19542 | 3309 | 3911 | 10934 | 11348 | 1937 | 2684 | 1103 | 1080 | 1 | 2 | 34 | 22 | 270 | 495 |
| **Центар Жупа** | 6200 | 6519 | 1088 | 814 | 376 | 454 | 4592 | 5226 | - | - | - | - | - | - | 144 | 25 |
| **Струга** | 35509 | 63376 | 19907 | 20336 | 13006 | 36029 | 998 | 3628 | 115 | 116 | 545 | 656 | 124 | 106 | 814 | 2505 |
| **Вевчани** | 2448 | 2433 | 2438 | 2419 | - | 3 | - | - | - | - | 3 | 1 | 1 | 3 | 6 | 7 |
| **Охрид** | 52732 | 55749 | 44672 | 47344 | 2706 | 2962 | 2353 | 2268 | 48 | 69 | 252 | 323 | 409 | 366 | 2292 | 2417 |
| **Ресен** | 17681 | 16825 | 13453 | 12798 | 1729 | 1536 | 1879 | 1797 | 112 | 184 | 32 | 26 | 81 | 74 | 395 | 410 |

**Напомени:** Податоците за 1994 година се однесуваат на територијалната поделба од 1996 година, додека податоците од пописот во 2002 година за административно-територијалната поделба од 2004 година.

Бошњаците, кои според пописот од 2002 година имаат посебна графа, а во 1994 година се заведувани како други и заради поедноставна анализа групирани се во графата други.

[1] Во графата за 1994 година анализирани се заедно општините Маврови Анови и Ростуша иако според територијалната поделба од 1996 година биле посебни општини.

## ЛИТЕРАТУРА

Грчић М. (2000) *Политичка географија.* Боеград: Географски факултет.

Панов М., Поповски В., (1998) *Општините во Република Македонија.* Скопје: АД Мисла.

Талевски Ј. (1997) *Границите на Република Македонија.* Битола: Апекс.

Талевски Ј. (2004) *Демогеографија.* Битола: Универзитет „Свети Климент Охридски", Универзитетски интердисциплинарни студии за јавна администрација.

Милески Т. (2005) *Македонија: Рубикова коцка на Балканот.* Скопје: Филозофски факултет.

Топографска карта 1:200000

Карти на територијална поделба на Република Македонија, 1996 година и 2004 година.

ЗСРМ, Вкупно население на Република Македонија според изјаснувањето за национална припадност, по населени места. Документација од пописот во 1994 година, Скопје.

ЗСРМ, Статистички годишник на Република Македонија, 2006 година.

Toni MILESKI

## WESTERN border area: MOVEMENT AND ETHNIC CHARACTERISTIC OF THE POPULATION


### Summary

*This study elaborates determined statistics concerning the movement and the ethnic and geographic characteristics of the population of the discussed municipalities from the western part of the Republic of Macedonia, whose territories partially or completely belong to the border area. The data has been presented and analyzed for each municipality, according to the information from the census in 1994 and old territorial map from 1996 and census in 2002 and new administrative territorial division from 2004. Although there is information about the population of the Republic of Macedonia, what lacks is a concrete analysis concerning the statistics about the movement and the ethnic structure of the population in the municipalities, according to the existing territorial division. The analyses of the population from different aspects including the strategic and geopolitics are very important.*


***Keywords:*** *POPULATION, ETHNIC AND GEOGRAPHIC CHARACTERISTICS, MUNICIPALITY, CENSUS.*